ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ДРЖАВНА МАТУРА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Време за решавање: 180 минути**

**јуни 2014 година**

**Шифра на ПРВИОТ оценувач**

Запиши тука:

**Шифра на ВТОРИОТ оценувач**

ЗАЛЕПИ ТУКА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сѐ додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара на еден од следните начини:
- со дополнување;
- со подвлекување делови во приложените текстови (зборови, група зборови, реченици, пасуси).

Внимавај на јазикот и на правописот во одговорите. **Пишувај читливо.** Нечитливите одговори и нејасните поправки се вреднуваат со нула (0) поени.
**И во тестот и во листот за одговори пишувај исклучиво со пенкало и со кирилско ракописно писмо.** Одговорите на задачите напишани со молив се вреднуваат со нула (0) поени.
Препишувањето е најстрого забрането. Сите идентични или слични текстови, како и текстовите испишани со различни ракописи се вреднуваат со нула (0) поени.
Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
За делот Пишување предвидено е да напишеш еден текст на тема по твој избор. Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се напишани предложените теми и упатствата на задачата според кои треба да пишуваш.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2014

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1** **Прочитај го извадокот од романот „Чичко Горио“ од Балзак и одговори на прашањата.**

**А.**

Дури да побараа да ми ги ископаат очите, ќе им речев:„ Ископајте ги!“ Многу сум будала. Тие веруваат оти сите татковци се како нивниот. Човекот треба секогаш да си се цени прво сам. Нивните деца ќе одмаздат за мене. Во нивни интерес е да дојдат овде. Предупредете ги дека со ова тие си ги определуваат сами своите смртни часови. Со ова единствено злосторство ги причинуваат сите злосторства на веков. Одете, речете им дека ако не дојдат, вршат таткоубиство. И досега доста сториле без да се брои ова. Викајте како јас: „Еј, Нази! Еј, Делфина! Дојдете кај татко ви кој беше толку добар спрема вас и кој сега страда!“ Ништо, никој! Зар ќе пцовисам како куче? Тоа ми е наградата - заборав. Тие се злосторнички, бесрамници; јас ги презирам, ќе станувам ноќе од мојот гроб за пак да ги проколнам, оти најпосле, пријателе, виновен ли сум? Тие многу лошо се однесуваат!... но, што зборувам јас? Нели ми рековте дека Делфина е овдека? Таа е подобрата...Вие сте мој син, Ежен, вие! Сакајте ја, бидете ѝ татко. Другата е многу несреќна. А нивниот имот? Ах! Господи! Издивнувам, премногу ми е тешко. Пресечете ми ја главата, оставете ми го срцето.

**Б.**

Измамен бездруго од солзите, Горио ги употреби своите последни сили за да ги испружи рацете, ги напипа од обете страни на креветот главите на студентите, им ја стегна силно косата и тивко промрмори:

- Ах! Ангелеи мои! - два збора, два шепота што ги искажа душата која си отиде заедно со нив.

- Кутриот мил човек! - рече Силвија, трогната од извикот кој искажа едно возвишено чувство што го раздвижи за последен пат најужасната, но и најневолната од сите измами.

Последната воздишка на овој татко требаше да биде воздишката на радост. Во неа беше изразен сиот негов живот: и овој пат тој се излага.

*„Чичко Горио“- Оноре де Балзак („Мисла“, 1997 г.)*

(1.1) Која е главната тема во овој роман?

______________________________________

______________________________________

______________________________________

1 поен

(1.2) Од што е условена љубовта на ќерките кон таткото, според приказната во наведениот роман?

______________________________________

______________________________________

1 поен

(1.3) Во наведениот извадок, чичко Горио се обвинува себеси за односот на ќерките, затоа што не се:

______________________________________

______________________________________

1 поен

(1.4) На крајот од романот, Горио сознава дека неговиот татковски однос кон ќерките бил само:

______________________________________

1 поен

(1.5) Балзак е писател кој е претставник на литературниот правец

______________________________________

1 поен

(1.6) Нарацијата во извадокот Б е изведена во ____________________ лице.

1 поен

(1.7) Во кој век создавал писателот Балзак?

______________________________________

1 поен

(1.8) Според темата, како вид роман е делото „Чичко Горио“?

______________________________________

1 поен

**2** **Прочитај го извадокот од драмата „Македонска крвава свадба“ од В. Чернодрински и одговори на прашањата.**

**А.**

| | |
|---|---|
| ЦВЕТА: | *(исплашена потскокнува и вика)* У! Мајко! Татко, змија! *(покажува со прст)* |
| СИТЕ: | *(изненадени)* Што! к’де е? |
| ЦВЕТА: | Ево ја! Ено ја, бегат, удрете! |
| ДУКО: | *(со стап во рацете)* Бегајте! Чекајте да ја отепам. *(удира со ластегарката)* А, пустина ниедна! *(продолжува да ја удира)* |
| ТРАЈАН: | Удри. Удри отепај ја синко! |
| БОГДАН: | По глаа, по глаа удри. Змија инаку не се отепува. |
| ТРАЈАН: | Бре, пустината ни една, колка е! |
| ДУКО: | На ти тебе касање. *(ја крева ластегарката)* |
| БЛАГУНА: | *(исплашена)*. Леле, колкаа била, штурината! Фрли ја тамо, синко! |
| ТРАЈАН: | Не, не, остај ја тука! Да не оживит пак, да ја гледаме. *(кон Цвета)* Се уплаши, ќерко, многу? |
| БОГДАН: | Како да не се уплашила, не е играчка, умират чоек од неа. |
| ЦВЕТА: | Леле, за малку ќе ме укасаше. |
| БЛАГУНА: | *(кон Цвета)* Земај напи се вода, ќерко, земај. Види колку пож‘лте. Дуко, подај го стомнето одтаде. |
| БОГДАН: | Море убо оту не ја укаса. |
| БЛАГУНА: | *(Крстејќи се)* Сполај ти тебе господи, оти ми го заварди момичево. Варди нѐ и чувај нѐ сите од лошо. |
| ТРАЈАН: | Напи се, ќерко, напи се. На уплав водата помага. |
| ДУКО: | Арно е кажав! Здроби ѝ глаата, напрај ѝ на парчиња ако мојт нека касат после. Така требит и на Турците да им сториме за да не касаат. |
| БЛАГУНА: | Колко луѓе умреле од змија, колко жетварки! Току... |
| ДУКО: | Многу умреле од змија, ама ја велам многу појќе умреле од другиве змии со две нозе што со уста не касаат тие, а со куршум и нож. И колко илјади има умрени, број немат... |

***(Дејствие прво, сцена прва, стр. 136)***

| | |
|---|---|
| СЕКРЕТАРОТ: | Има ли да чека некој надвор? |
| ЗАПТИЈАТА: | Много, баш ќатип ефенди! |
| СЕКРЕТАРОТ: | Кој? |
| ЗАПТИЈАТА: | Сѐ ѓаури. |
| СЕКРЕТАРОТ: | Доб‘р ќар ќе имат; дојдоа ли тија ѓаури, што чинат давија за момичката што граби Осман-бег? |

**Б.**

| | |
|---|---|
| ЗАПТИЈАТА: | Тука се. |
| СЕКРЕТАРОТ: | А тој овчарот?! |
| ЗАПТИЈАТА: | Од сабајле чекат?... |
| СЕКРЕТАРОТ: | Брго да го викаш овде! |
| ЗАПТИЈАТА: | Пеќи (Тргнува, но се враќа) Ами...ефенди...денеска дали ќе капнит нешто? |
| СЕКРЕТАРОТ: | Елбета...кога имат ѓаури давија да чинат, тогаш и алашвериш за нас имат. Скуби, колко што можиш...без арен бакшиш ни еден каурин не пуштај, ни при мене, ни при Вали-паша. |
| ЗАПТИЈАТА: | (Ниско се поклонува до земја и излегува) |
| СЕКРЕТАРОТ: | Скуби тија ѓаури дури се будали, пари да паднат...После некоја година кој знае што излагат... |

***(Дејствие 4, појава прва, стр. 196)***

*(„Одбрани драми“ - В. Чернодрински*
*„Мисла“/ „Македонска книга“, 1985)*

2.1) Преку извадокот А е даден опис на

1 поен

(2.2) „Змијата“ во извадокот А претставува симбол за

1 поен

(2.3) Целото драмско дејство во драмата „Македонска крвава свадба“ се темели на конфликот помеѓу

1 поен

(2.4) Кој е гласноговорникот на новите, на револуционерните заложби?

1 поен

(2.5) Власта во извадокот Б е претставена како

1 поен

(2.6) Низ целата драма единствениот лик во развој е ликот на

1 поен

(2.7) Како се вика театарската група која ја основал Војдан Чернодрински кој се смета за основоположник на македонскиот театар?

1 поен

(2.8) Во која година првпат изведена драмата „Македонска крвава свадба“?

1 поен

**3** Теодосиј Синаитски во Предговорот кон делото „Утешение грешним“ од Кирил Пејчиновиќ запишал: „*Еве кључ что отворует сердцето ваше, не кључ от злато и сребро, но кључ од железо и челик, што да не се вие... тој кључ може да отвори сердцето на простиот человек*“.

**Кој е тој клуч од железо и челик за којшто зборува Синаитски?**

______________________________________________

1 поен

**4** **За каков правопис се залага Крсте Петков Мисирков во своето дело „За македонцките работи“?**

______________________________________________

1 поен

**5** **Каква гласовна промена се случува при изведба на множинската форма од именката <u>орел</u>?**

______________________________________________

1 поен

**6** **Во зборот прелетавме морфемата лета се нарекува**

________________________ **морфема.**

1 поен

**7** **Образувај збирна множина од именката <u>планина</u>.**

________________________

1 поен

**8** **Како гласи долгата заменска форма за директен предмет за трето лице множина?**

________________________

1 поен

**9** **Првиот научно аргументиран, теоретски и практично разработен текст за кодификација на македонскиот јазик го предложил**

______________________________________________

1 поен

**10** **Во реченицата:** *Тој, сигурно, веќе пристигнал во градот* **; модален збор е**

_________________________

1 поен

**11** **Науката која ги проучува сопствените имиња се вика**

_________________________

1 поен

**12** **Определи го предлошкиот предмет во реченицата:** *Со малата крошна мајката му подаде шумски јагоди на детето***.**

______________________________________________

1 поен

**13** **Првите македонски писатели своите книги ги пишувале на**

_________________________ **јазик.**

1 поен

**14** **Зборовите решение и соопштение припаѓаат на видот**

_________________________ **именки.**

1 поен

**15** **Повратните глаголи се разликуваат од другите глаголи по тоа што во себе вклучуваат** __________________________________ **форма.**

1 поен

**16** **Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадени две теми. Избери <u>една тема</u> и:**

13 поени

- напиши текст од 350 до 500 збора;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел и заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветна лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

| јазик | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| композиција на текстот | |
| 1 | 2 |
| содржина | |
| 1 | 2 |

**17** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата.**

## МИСТЕРИЈАТА НА СОНОТ: ШТО Е ОНА БЕЗ ШТО НЕ МОЖЕМЕ, А СОНОТ НИ ГО ДАВА?

***Сонот ни дава сила и енергија за секоја задача, ни помага подобро да ја сочуваме енергијата, ја поправа штетата во организмот и му овозможува на мозокот да се организира.***

**Сонот ни треба, но не се знае зошто.**

Речиси третина од нашиот живот го поминуваме спиејќи, но научниците велат дека сонот се наоѓа некаде помеѓу телесните функции и однесувањето – бидејќи ни треба, без него не можеме, но сепак ја контролираме околноста во која ќе спиеме.

Мистеријата на точната причина поради која сонуваме е повод за многу невролошки студии, но неговата единствена функција до ден денес не е докажана.

**Намалување на ризикот и зголемување на ефикасноста**

Сите видови организми имаат време за будна состојба и сонување, а колку сонот ќе трае зависи од самиот вид. На пример, лилјаците спијат околу 20 часа на ден, мачките околу 20 часа, шимпанзата околу 9 часа, тигарот 16 часа, а жирафите само 2 часа на ден.

Едно од објаснувањата за различните потреби од спиење е дека не им треба на сите видови подеднаква количина на сон за тоа колку ловат, како и за условите во кои живеат.

„Ако лилјакот поминува повеќе време буден, не би бил толку успешен во ловот, а и ако излегува преку ден, би бил мета на многу предатори“ – вели професор Џером Сигел.

**Сонот е како храна**

Некои научници сонот го споредуваат со храната, па според нив спиењето е како и храната: заштитен механизам кој ни помага да имаме повеќе енергија, да бидеме посреќни и подобро да функционираме.

Колку што храната му е потребна на организмот, толку му треба и сон, но, од друга страна, човек на одредено време може да скрати и од обете. Иако гладта се смирува со која било намирница, а ненаспиеноста и уморот на кое било место, сепак луѓето овие потреби ги доведуваат до совршенство со гастрономски вечери и спиење на свилени покривки.

**Топло ни е бидејќи спиеме**

Една од најраните теории, таканаречена еволуциска теорија на неактивноста, вели дека сонот е некој вид адаптација и механизам на преживување кој му овозможува на организмот топлина, особено додека е ранлив.

Теоријата вели дека животните кои спиеле за време на нивниот ранлив период имале поголеми шанси за преживување од оние кои биле активни, а преку процесот на природна селекција, сонот станал нужност. Исто така, метаболизмот значајно се успорува додека спиеме, па тој му овозможува на телото залиха на енергија.

**Мозокот се организира додека спиеме**

Една од новите теории се заснова на сознанијата дека за време на длабоката фаза на сонот мозокот се структуира и реорганизира. Тој феномен, познат како мозочна пластичност, не е во потполност разјаснет, но неговата врска со сонот е очигледна.

**Додека спиеме телото „се поправа“**

Штетата која настанала во организмот во текот на денот се санира во текот на ноќта, тврдат научници од Харвард. Така повеќето реставрациски функции во организмот се случуваат токму за време на сонот, како растот на мускулите, регенерацијата на ткивото, синтеза на протеини и отпуштање на хормоните за раст.

*02.11.2013 | 09:27, Извор: Точка*

(17.1) Од што произлегува потребата за различна количина сон кај различните видови?

1 поен

(17.2) Зошто за сонот може да кажеме дека претставува заштитен механизам на човечкиот организам?

1 поен

(17.3) Според која теорија сонот се толкува како еден вид адаптација и механизам на преживување?

1 поен

(17.4) Зошто додека спиеме во телото се создава залиха на енергија?

1 поен

(17.5) Кога се случуваат повеќето реставрациски функции во организмот?

1 поен

(17.6) Колкав период од нашиот живот го поминуваме спиејќи?

1 поен

(17.7) Зошто научниците велат дека сонот се наоѓа некаде помеѓу телесните функции и однесувањето?

1 поен

(17.8) Што се подразбира под феноменот мозочна пластичност?

1 поен

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*